Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016) и врз основа на член 5 став 2 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.140/2014), постапувајќи по барањето на "ЕМАГ" ДООЕЛ  Скопје, за продолжување на лиценца за вршење на дејностите  на управување со станбени згради, на седницата одржана на 11-11-2019 година,  донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

## ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

## НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На "ЕМАГ" ДООЕЛ  Скопје, му се продолжува лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За продолжување на лиценцата од став 1, фирмата "ЕМАГ" ДООЕЛ  Скопје, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012 бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

“ЕМАГ” ДООЕЛ  Скопје, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање бр.007 од 07.11.2019 год. Со Наш бр.Уп08-19 од 07.11.2019 год. за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација  во Централниот регистар на РМ
- Доказ за четири вработени лица (М1 и М2 образец за, еден дипломиран економист, еден дипломиран инженер за телекомуникации и електроника, едно лице со филолошки факултет и едно лице со средно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците

Поднесеното барање со приложената потребната документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека “ЕМАГ” ДООЕЛ Скопје, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009,бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016).

На ден 11.11.2019г.Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за продолжување  на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на “ЕМАГ” ДООЕЛ  Скопје. Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.Уп 08-19

Од 11.11.2019год.

Скопје

Претседател на

Регулаторна комисија за домување

Д-р Ракип Малоски